Коле ЈОВАНОВСКИ

# НИЧЕОВАТА ПАРАДИГМА ЗА НАТЧОВЕКОТ

"Секој човек знае дека е единствено и неповторливо суштество, но тој не се стреми кон својата радост, туку мисли и дејствува со своето стадо од страв или уште почесто со мрзеливост. Луѓето се плашат од товарот на некомпромитираната чесност и отвореноста на јазикот и дејствувањето. Нивната совест воскликнува: "Биди тоа што си! Сѐ што правиш и мислиш и посакуваш не е особеното Твое". Но, човекот не може лесно да се ослободи од прангите на јавното мнение и стравот... Без таквото ослободување животот е бесмислен и човекот е само лушпа без јатка, плашило за птици..."

*Фридрих Ниче*

"Само надвор од рамките на времето и стегите на околностите, само во една идеална и финалистички осамостоена концепција, човекот е суштество за какво, најголемиот од сите сонувачи, сонувал. Виден и обмислен во сопствениот реален историски и социјален контекст, човекот, за сопствената срамота, ќе остане вечно разочарување и заблуда на Ниче:

*Ферид Мухиќ*

Меѓу структурните и концептуалните специфики на Ничеовото текстуално теоретско наследство спаѓа и самосвојноста, би се рекло ничеовски уникално, тематизирање и проблематизирање на антрополошката проблематика. Во неговите афористички и минуциозни согледби и молневити елаборации на асеитетот на самосвојни антропограмски епитомазации, може да дистингвираме повеќе аспекти на тематизација и валоризација на проблемот на човекот: во неговата

антроповидова таквост и антропогенеричка каквост, антропограмска презентација и метаантрополошка трансценденција, нижи и виши човек, идеален и реален човек итн. Во статијава ќе направиме обид да ги посочиме релевантните аспекти на тематизацијата и валоризацијата на антропограмските епитомизации на парадигмата на Ничеовата модел-категорија натчовек.

Објаснувањето на Ничеовиот концепт за натчовекот го иницираме со неговата профетска книга "Така зборуваше Заратустра". Имено во посоченово дело тој вака ја започнува својата пропедевтика за натчовекот:

"*Ве учам за натчовекот.* Човекот е нешто што треба да биде надминато. Што сте сториле за да го надминете?

Сите суштества досега создале нешто над себе: а зар вие сакате да бидете осека во оваа голема плима и претпочитате да му се вратите на животното, место да го надминете човекот?......

Натчовекот е смислата на земјата. Нека рече вашата волја: натчовекот *да биде* смисла на земјата!" [1]

Па продолжува: "Човекот е јаже оптегнато меѓу животното и натчовекот - јаже над бездна...

Во човекот е големо тоа што тој е мост, а не цел: во човекот може да се сака тоа што тој е премин и залез." [2]

"Ете јас сум гласник на громот и тешка капка на облакот: тој гром се вика *натчовек.*" [3]

Сакам да ги научам луѓето за смислата на нивното суштество: тоа е натчовекот, гром од темниот облак што се вика човек" [4]

"*Сите богови се мртви: сега сакаме да живее натчовекот*" [5]

Така зборувал Заратустра. Па продолжува:

"Навистина, пријатели мои, јас одам меѓу луѓето како меѓу човечки парчиња и делови од тела!

Најстрашното што го наоѓам за моите очи е тоа што луѓето се раскинати и расфрлани како на бојно поле или како на кланица" [6].

"А кога моето око ќе се пренесе од сегашноста во минатото: секогаш наоѓам едно исто нешто: парченца, делови од тела и одбивни случаи - но не луѓе" [7].

"Натчовекот ми лежи на срцето, тој ми е прв и единствен - а не човекот: не најблискиот, не најсиромашниот, не оној што најмногу страдал, не најдобриот" [8].

Така зборувал Заратустра. Кој има уши, нека слушне.

---

1. "Така зборуваше Заратустра", "Македонска книга", Скопје, 1978, стр. 12.
2. Исто стр. 14.
3. Исто стр. 16.
4. Исто стр. 20.
5. Исто стр. 82.
6. Исто стр. 143.
7. Исто стр. 144.
8. Исто стр. 296.

Од Ничеовата посмртна публикувана книга "Волја за моќ" го акцентираме следниов комплекс на мисли-пораки:

"Целта не е човештвото, туку *натчовекот*".[9]

" Јас ќе барам на човекот да му се врати - како негова сопственост и негова творба - сета убавина и возвишеност кои сме им ги позајмиле на реалниот и замислениот свет: како човечка најубава апологија. Човекот како поет, како мислител, како бог, како љубов, како моќ: о, каква кралска дарежливост со која ги опсипал стварите за да би се *осиромашил* себеси и почувствувал дека *самиот* е беден! Досега неговата најголема несебичност била во тоа што се восхитувал, поклонувал и молел, а знаел од себе да сокрие дека тој бил тој кој го создал тоа на што му се восхитувал" [10].

"Вишиот тип филозофски човек, кој е опкружен со самотија, не затоа што сака да биде сам, туку затоа што е нешто што не наоѓа еднакво на себе: колку опасности и нови маки му се наменети нему токму денес кога луѓето изгубиле верба во хиерархија и според тоа, повеќе не знаат да ја почитуваат и разбираат таа самотија!" [11].

Од Ничеовите непубликувани делови на неговото текстуално наследство ги екстрахираме следниве ставови:

"Вие праведните, не се борите за правото, туку за тоа да победи вашата слика за човекот. А дека на мојата слика за натчовекот *се разбиваат сите ваши слики за човекот:* гледај, тоа е Заратустрината волја за право.

Спротивност на натчовекот е *последниот човек:* го создадов едновремено со оној првиот.

Кога го создадов натчовекот, околу него го уредив големиот превез на бидувањето...

Човекот е повод за нешто што повеќе не е човек.

Без нестрпливост! Натчовекот е нашата следна скала!

Околу *средината на патеката настанува натчовекот.*

"А, повторно, за прв пат ги собрав праведникот, јунакот, поетот, сознавателот, гаталецот, водачот: врз народите поставив свод: столбови врз кои почива и едно небо." (Така треба да говори натчовекот).[12]

Дионизиската страст, како незауздан стремеж кон моќ и победа, кон владеење и совладување, го сочинува натчовекот како човек со своето оптимално определување и остварување. Натчовекот е антропограм со мажевна сила и победнички менталитет, непријател на спокојството, мирот и среќата. Мерило на натчовекот е во неговата онтичка волја за моќ.

Натчовекот - како филозофски конципиран идеал за парадигматичен човек - не е нешто што може да се оствари еднаш за

---

9. "Воља за моќ", "Просвета", Београд, 1972, стр. 54.

10. Исто, стр. 242.

11. Исто, стр. 430.

12. "Uvod u Ničea", Centar za kulturnu djelatnost SSO Zagreba", Zagreb, 1980, str. 249, 250, 251.

секогаш во својот финалитет и нормативитет, туку суштество што се развива во време, каде што повисоките типови на човек се само негови предзнаци и почетоци.

Ничеовиот идеал е велик, јак и безобѕирен човек, кому му се неопходни болката и животната опасност, кој не се плаши од високите планини на човечката стадна медиокритетност, неиспитаните мориња, кој е снажен и самодоволен. Токму затоа, тој не ги респектирал малечките, обични луѓе, а ги дефинирал луѓето од повиш тип, кои го обликуваат светот.

На Ничеовиот натчовек не му е својствена секоја сентименталност, која се изразува во сочувствувањето и соучествувањето во неволјите на другите луѓе, трогнатост и сожалување. Неговата бидувачка тврдост и карактерна уникалност треба да бидат показ на самосвојната себственост која триумфира во иреверзибилната антропоспецијација.

Ничеовиот натчовек - како човек кој бидува во својата трагичка вистина - е потполно оттуѓен од неговата социјабилност. Тој ги глорифицира силните, моќните, смелите и безобѕирните антропонатури, презирајќи ги слабите, моралистите и робовите нули.

Концепирајќи го своето учење за натчовекот, Ниче целел човекот да го оспособи сам да си го трасира својот животен пат и во реализацијата на таа самосвојна патека да не респектира никаква подреденост и да се ослободи од секоја и секаква надреденост, да биде творец, медијатор и профилатор на својот антропограм.

Натчовекот - како сечовек - е онаа особеност на индивидуата која конкретизациски е најблиску до парадигматичниот човек, во кој човекот ја препознава својата онтички безвременска вечност, како антропогенус.

Бидејќи човекот за своја онтичка задача има надминување на самиот себе, според тоа и поимот натчовек не може да се дефинира, бидејќи натчовекот е човек кој допрва мора да се себе конкретизира: тој, значи, е вечен стремеж кон самотрансцеденција, кон новото, посовршеното, "стрела во иднината", па според тоа неговата суштина не може да биде опфатена ниту во еден определен идеал. Создавањето на сѐ посовршени животни облици не ќе го запре човекот во трасирањето на патиштата на својата акцелерација кон вертикалната аксиолошка пенетрација. Токму затоа Ничеовиот натчовек како антропоидеал е доста проблематичен, матен, загадочен, идеалтипски концептуален и аксиолошки сублимат и идеал

Ничеовиот натчовек - како суштество што создава и остварува нови вредности - е нешто што не може да се дефинира, бидејќи не може да им се даде конкретизирана номинација на неговите сеуште непостојни ингредиенти, неискажливоста на неговата интринсична себственост, покрај оние искажливите како што се: силата на волјата, независноста на духот, самосвојноста, стремежот за доминирање, совладување, нескршливоста на карактерот и други.

Финк во својата студија посветена на Ничеовата филозофија ја дефиренцира следнава двозначност во неговото сфаќање на човекот:

"Ничеовиот поим за човекот е двозначаен; тој се колеба меѓу сфаќањето што останува во чисто-човечкото, во тоа ги разликува екстремите на творечкиот и нетворечкиот тип, генијот и човекот на стадото, и едно подлабоко толкување на човештвото што го надминува секој хуманизам, кое човекот го поима од неговиот космички налог да биде место за целината на вистината".[13]

Истата двозначност францускиот филозоф Иван Гобри ја префрлува на психолошки план на компензација и ја конкретизира вака: "Реалниот Ниче е оној кој во своето дело сака да биде некој друг - идеалниот Ниче".[14] Во Ниче - додава Гобри - постоеле две личности "една џуџе а друга натчовек", со тоа што првата била реална, а втората посакувана [15].

Жорж Батај во својата книга "За Ниче" потврда за апострофираната двозначност наоѓа во следниот текст од Ничеовата непубликувана оставнина од 1878 - 1888 година: "Повеќето од луѓето, пишува Ниче, претставуваат фрагментирана и исклучива слика за човекот; треба да се соберат за да се добие еден човек. Цели епохи, цели народи, имаат во таа смисла во себе нешто фрагментарно; можеби за растот на човекот е неопходно тој да се развива само дел по дел. Исто така не треба да се превиди дека всушност секогаш е во прашање создавање на човек-синтеза и дека нижите луѓе, огромното мнозинство, се само предигри и уводни вежби кои, тука и таму, заедно можат да доведат до навестување на *потполниот човек*".[16]

Можеби решението на оваа двозначност треба да го бараме во тоа што го вели Шарл Андлер во својата 6-томна книга посветена на Ниче, неговиот живот и филозофија. Имено, дека мораме на некој начин самите да станеме надлуѓе како би можеле да ја разрешиме Ничеовата загатка за натчовекот ("mais que pouvons-nous en faire si ce n'est devenir surhu mains").[17]

Францускиот филозоф Жан Граније решението на Ничеовата загатка за натчовекот го бара во фонот на нејзината семантичко-симболичка конотација. Имено тој во својата студија "Le probleme de la verite dans la philosophie de Nietsche" вели: "Натчовекот не е ниту биолошка, ниту социолошка, ниту психолошка категорија, туку првенствено филозофски симбол".[18]

Хајдегер натчовекот го толкува како човек кој е по волја на волјата за моќ, кој ја презема владеачката со земјината топка; тој значи не е ништо, еден ден ќе дојде како сосема нов начин на егзистенција, туку е

---

13. Fink, Ojden: "Ničeova filozofija", "Centar za kulturnu djelatnost", Zagreb, 1981, str. 43.
14. Gobri, Ivan: "Nietzche ou la compensation", Paris, 1975, p. 18.
15. Ibid, p. 162.
16. Bataj, Žorž: "O Ničeu", "Književna zajednica Novog Sada", Novi Sad, 1988, str. 32.
17. Grlić, Danko, "Friedrich Nietzsche", Liber", Zagreb, 1981, str. 89.
18. Jean Granier, "Le probleme de la verite dans la philosophie de Nietzche", Editions de Seuil, Paris, 1969, p. 591, 596.

зачнат во нашето човештво на безусловен субјективитет, иако уште не е развиен во сета своја титанска безмерност.[19]

Хајдегер тврди дека тоа "над" во називот "натчовек" содржи негирање и значи да се оди понатаму и надвор од "над" ("преку") досегашниот човек.[20] Па продолжува: "Натчовекот е ков (сој) на ова човештво кое себе за прв пат самото како сој *се сака* и самото во тој сој се кове. За тоа е потребен "чекан", со кој тој сој ќе биде кован и кален, а сето досегашно, оти нему непримерено, разорено".[21]

Ничеовото концептуализирање на парадигматичните ингредиенти на портретирањето на синтагмата натчовек де факто резултира со епитомизација на неговиот антропоавтопортрет. Како и во смисла на дефинициско совпаѓање на оној што дефинира со она што се дефинира, така и од аспект според кој парадигматичните и уникални структурни составки на суштеството наречено човек суштински ги инволвираат особините и белезите кои авторот на дефиницијата ги преферира, односно посакува да ги види како диференција специфика на својот антропограмски супстанцијалитет.

Ничеовата парадигма за натчовекот е еклатантен пример за идеалтипска конструкција за аксиолошки есхатолошки идеал, обид да се премавне антрополошката дистанца меѓу антроповидовата иманенција-таквост и антропогеничката тансценденција-каквост. Вредноста и антрополошкиот нерв на посочената парадигма не се исцрпува толку во конкретизациската спецификација на нејзините реалтипски егзимплификации, туку во идеациските репери на нејзината идеалтипска апроксимација. Онтичката вредност на неговата парадигма за натчовекот се состои во бескрупулозната анихилација на самозадоволните и самодоволните припадници на биолошки иманентното човеково стадо од нули-алтеритет и, од друга страна, во страсното, идолопоклонички емфатично, идеалтипски посакувано преферирање на трансбиолошки трансцендирачкото натчовечко антистадо на антропограмски уникални единици-асеитет. Таа парадигма вреди не само како антрополошки модел-реалитет, туку повеќе како метаантрополошки модалидеалитет.

---

19. Fink, цит. дело, стр. 229.
20. Uvod u Ničea, цит. дело, стр. 46
21. Исто, стр. 63.

РЕФЕРЕНЦИИ

1. Ниче: "Така зборуваше Ниче", "Македонска книга", Скопје, 1978.
2. Ниче: "Волја за моќ", "Просвета", Београд, 1972.
3. Мухиќ, Ферид: "Транстемпаралноста во филозофијата на Фридрих Ниче", "Дијалог", Скопје, септември 1995.
4. "Uvod u Ničea", "Centar za kulturnu djelatnost SSO Zagreb", Zagreb, 1980.

5. Fink, Ojden: "Ničeova filozofija", "Centar za kulturnu djelatnost", Zagreb, 1981.
6. Gobri, Ivan: "Nietzche ou le compensation", Paris, 1975.
7. Granier, Jean: "Le probleme de la verite dans la philosophie de Nietzsche", Editions de Seuil, Paris, 1969.
8. Bataj, Žorž: "O Ničeu", Književna zajednica Novog Sada, Novi Sad, 1988.
9. Grlić, Danko: "Friedrich-Nietzche", "Liber", Zagreb, 1981.

Kole JOVANOVSKI

## LE PARADIGME DE NIEZTCHE CONCERNANT LA CONCEPTION DU SURHOMME

(Résumé)

Dans cette interventioin l'auteur a comme but principal d'élaborer les explicitions du paradigme de Nietsche sur le surhomme.

En fait le surhomme a tout d'abord le sens de la terre elle-même. Les paramètres qui évaluent le surhomme sont concentrés dans sa volonté de posséder une puissance antique.

Selon Ivan Gobry, on retrouve chez Nietsche une dualité caractéristique pour les personnes (le contraste qui touche le nain et le surhomme, la personne réelle et celle que l'on imagine et que l'on désire).

La paradigme de Nietsche concernant l'idée du surhomme n'aborde pas seulement le modèle réel et antropologuque, mais aussi le modéle de l'ideal métaanthropologique.